Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-22/2
**2.4.2024, Скопје**

За потребите на проектот „Младински активизам за инклузивно општество" во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан", финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), врз основа на Договорот за грант меѓу УНДП и Институтот за човекови права бр. 0307-62/1 од 17.11.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права ја испраќа следната:

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 2/2024**
**за ангажирање на фасилитатори**

## I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Младински активизам за инклузивно општество"

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

**Максимум број на предвидени работни денови по фасилитатор:** 8
**Почеток на договорот:** април 2024
**Крај на договорот:** јуни 2024

## III. ПОЗАДИНА

Од декември 2023 година, Институтот за човекови права (ИЧП) го спроведува **проектот „Младински активизам за инклузивно општество."** Проектот ќе трае до 30 ноември 2024 година. За успешно реализирање на дел од активностите во рамките на проектот, ИЧП има потреба од фасилитатори коишто би биле ангажирани по потреба.

Целта на проектот „Младински активизам за инклузивно општество" е да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање на дијалог за промовирање на мултиетничко општество за сите. Оваа цел ќе биде постигната преку вклучување на учениците во развивање на мултиетнички дијалог и подигање на свеста за почитување и напредување на различните идентитетски обележја на заедниците со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следниве активности:

- Активност 1: Организирање на четири трибини со ученици од избрани средни училишта каде наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик;
- Активност 2: Одржување на четири работилници за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници;

- Активност 3: Online кампања на социјалните медиуми преку подготовка на блог постови од страна на ученици на теми поврзани со креирање на едно мултиетничко општество, негување и унапредување на мултикултурата;
- Активност 4: Подготовка на извештај за состојбите врз основа на претходно реализираните проектни активности со заклучоци и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог и потенцирање на улогата на младите со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Овој проект се реализира во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан", финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

**Институтот за човекови права (ИЧП)** е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

## IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање на дијалог за промовирање на мултиетничко општество за сите. Конкретната цел на задачата е да се ангажираат фасилитатори кои имаат искуство со работа со млади и промоција на инклузија, кои би помогнале при спроведувањето на две проектни активности: (1) трибини на тема инклузивно образование и (2) работилници за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници.

Предвидено е да се реализираат **четири трибини** на тема инклузивно образование и **четири работилници** за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници. Овие активности ќе се спроведат со ученици од избрани средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово каде наставата се одвива на македонски, албански и турски јазик. Училиштата во коишто ќе се реализираат овие активности се:

1. СУГС „Димитар Влахов" – Скопје
2. СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов" – Скопје
3. СОУ „Перо Наков" – Куманово
4. ОСМУ „Никола Штејн" – Тетово

**Опис на активностите:**

**Активност 1: Трибини**

Оваа активност вклучува фасилитирање на четири настани, т.е. трибини, на тема инклузивно образование со ученици од избрани средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово. Две трибини ќе се организираат со средни училишта во Скопје, една со средно училиште во Тетово и една со средно училиште во Куманово. **Двајца фасилитатори ќе бидат ангажирани за да ги фасилитираат настаните и да изготват краток записник по спроведувањето на секој настан.**

Трибините ќе бидат отворени за сите ученици од избраните училишта и ќе се одржат во просториите на самите училишта. На овие трибини ќе се дискутира за предностите и предизвиците на образованието во

една мултиетничка средина. Целта е да им се даде шанса на младите да го искажат своето мислење и да дадат нивни предлози за создавање на инклузивно образование и инклузивно општество.
Предвидено е на секоја трибина да учествуваат околу 20 до 25 ученика и да трае од еден до два часа максимум. Оваа активност е предвидена да се спроведе во месец **април и мај 2024 година.**

**Активност 2: Работилници**

Оваа активност вклучува фасилитирање на четири настани, т.е. работилници, за презентирање на културните и јазичните обележја на етничките заедници со ученици од избрани средни училишта од Скопје, Тетово и Куманово. Две работилници ќе се организираат со средни училишта во Скопје, една со средно училиште во Тетово и една со средно училиште во Куманово. **Двајца фасилитатори ќе бидат ангажирани за да ги фасилитираат настаните и да изготват краток записник по спроведувањето на секој настан.**
Овие работилници ќе бидат организирани надвор од училиштето каде учениците ќе имаат шанса за неформална дискусија и дружење. Целта на работилниците е младите активно да се ангажираат и да ги презентираат идентитетските обележја на различните етнички заедници. Пред одржување на работилниците ќе се објави конкурс кој ќе ги поттикне учениците на креативен начин да преставаат дел од нивните културни вредности, на пример преку фотографии, визуелизации, музика и слично. Ова ќе биде организирано во соработка со класните раководители или наставниците во избраните средни училишта.
Самите работилници ќе се состојат од три дела: проекција на игран или документарен филм кој поттикнува дискусија и размислување за мултиетнички општества и инклузивност, изложба на креациите на учениците и дискусија. Учениците ќе имаат шанса да ги презентираат нивните креации и да гласаат за онаа којашто сметаат дека најдобро преставува одредени културни вредности. Ученикот на онаа креација којашто ќе освои најмногу гласови ќе добие награда.
Предвидено е на секоја работилница да учествуваат околу 25 ученика и да трае околу четири часа. Оваа активност е предвидена да се спроведе во месец **мај и јуни 2024 година**.

**Задачи и обврски на фасилитаторите:**
Предвидено е секој настан да биде предводен од двајца фасилитатори од различна етничка припадност. Тие треба да ја водат дискусијата и да ги мотивираат учениците да ги искажат своите ставови и мислења.
Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, и во меѓусебна соработка, фасилитаторите:

1. Ќе ја фасилитираат дискусијата и ќе ги мотивираат учениците да се вклучат во истата; и
2. Ќе изготват краток записник со главните заклучоци од трибините.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

## V. ПРАВИЛА НА НАБАВКАТА

Институтот за човекови права бара фасилитатори за спроведување на проектните активности, кои имаат искуство со работа со млади и промоција на инклузија. Понудувачите ќе бидат рангирани според нивната понуда и со секој понудувач кои ги исполнува условите на оваа проектна задача ќе биде склучен рамковен договор.

Оваа тендерска постапка има за цел да избере до шест фасилитатори за поддршка на спроведувањето на проектот и е поделена на следните активности:

| Активност | Максимален број на фасилитатори што може да се изберат |
|---|---|
| Активност 1: Трибини | 6 |

| | |
|---|---|
| Активност 2: Работилници | 6 |

**Активност 1: Трибини**

- 4 настани
- двајца фасилитатори на секој настан
- април и мај 2024

**Активност 2: Работилници**

- 4 настани
- двајца фасилитатори на секој настан
- мај и јуни 2024

Откако ќе заврши процедурата за избор на фасилитатори, секој понудувач ќе биде соодветно информиран дали е избран да биде дел од листата на фасилитатори за спроведување на овие активности. Пред секој настан ќе бидат контактирани двајцата највисоко рангирани понудувачи. Доколку највисоко рангираните понудувачи не се во можност да го прифатат понудениот ангажман на одредениот датум, ќе бидат контактирани фасилитаторите кои се следни на листата.

## VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на секој настан (секоја поединечна трибина или работилница) и доставување на записникот за тој настан до проектниот координатор. Персоналниот данок паѓа на товар на ИЧП.

## VII. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата активност;
- Во функција на успешно извршување на задачата на фасилитаторите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Фасилитаторите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тие ќе бидат во редовна комуникација со проектниот координатор. Целата комуникација и документите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права на фасилитаторот за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото) со јасно наведување на авторството.

## VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугите треба да се испорачаат во период од **април до јуни 2024 година**.

Датуми за реализација на активностите:

| | СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје | СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ – Скопје | СОУ „Перо Наков“ – Куманово | ОСМУ „Никола Штејн“ – Тетово |
|---|---|---|---|---|
| **Трибина** | 16 април 2024 | Неодредено | Неодредено | 26 април 2024 |
| **Работилница** | Неодредено | Неодредено | Неодредено | Неодредено |

Проектниот тим на Институтот за човекови права, во согласност со училиштата, ќе ги договори останатите датуми за реализирање на настаните.

## IX. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачите ќе биде во Скопје, Тетово и Куманово. Службените патувања до Тетово и Куманово кои ќе произлезат од извршувањето на задачата ќе бидат соодветно покриени од ИЧП.

## X. ВЕШТИНИ

- Развиени интерперсонални и комуникациски вештини, способност за тимска работа.
- Способности за аналитичко размислување, известување и пишување.
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ НА ФАСИЛИТАТОРИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од прв циклус на високо образование во област релевантна за проектот и проектната задача (на пример: право, политички науки, општествени науки, комуникациски студии, итн.).

Искуство

- Минимум една година искуство со работа со млади или со фасилитирање на обуки, настани, фокус групи и слично;
- Познавање на македонски или албански јазик. Познавање на турски или ромски јазик ќе се смета за предност.

## XII. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Изборот и рангирањето на добавувачите кои ги исполнуваат критериумите за подобност ќе се врши по пат на евалуација на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда е:
а) Соодветна и прифатлива и
б) Ги задоволува следниве критериуми:

- Финансиска понуда: 100%

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
**број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата**

## XIII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите CV (биографија) и финансиска понуда за горенаведената покана. Во биографијата задолжително мора да се наведени јазиците коишто ги зборувате.
Оваа набавка е делива. Секој понудувач може да достави понуда за двете активности или само за една активност.

**Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат.**

**Изјавувам дека поднесувам понуда за следните активности:**

*Селектирајте ги оние активности за коишто поднесувате финансиска понуда*

| | Активност |
|---|---|
| ☐ | Активност 1: Трибини |
| ☐ | Активност 2: Работилници |

*Пополнете ги табелите за оние активности за коишто поднесувате понуда.*

**Активности 1:**

| Ставка | Опис на производ/услуга | Бруто цена (во МКД) |
|---|---|---|
| 1. | Еден ден | |

**Активности 2:**

| Ставка | Опис на производ/услуга | Бруто цена (во МКД) |
|---|---|---|
| 1. | Еден ден | |

Здружение на граѓани Институт за човекови права

**Марија Чекреџи**
**Институт за човекови права**